**Согласно член 391-б од Законот за трговските друштва, Одборот на директори ги одговара прашањата од акционери поставени на Собрание на акционери на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО кое се одржа на ден 25.12.2023 година,:**

**1. Дали има и каков е акциониот план на одборот на директори за надминување на континуитетот на негативните резултати во работењето во последните 3 години?**

Според анализите на НБРМ, 2023 година ја завршивме со скромен 1,9 % раст на БДП и висока инфлација од 9,5% што е одраз на кризната состојба што ја зафати Европа и светот како резултат на воената состојба во Украина и новото воено жариште на Блискиот исток. Ваквата состојба доведе до воведување на континуирани санкции на ЕУ и САД против Русија, што доведе до зголемување како и големи флуктуации на цените на челикот и енергенсите. Поради ова, ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО беше принудена да донесе Одлука за прекин на работниот процес поради виша сила во 2023 година, до стекнување на услови за нормално работење. За жал и на почетокот на 2024 година, состојбата воопшто не е променета, особено во областа на производство на челик, земајќи го во предвид очекуваното ново зголемување на цената на челикот за првото тромесечје во 2024 година. Поради горе наведеното, не е можно долгорочно планирање за зголемување на производство и планирање на буџет за остварување на истото, без опасност од зголемување на ризиците кои би довеле до неликвидност на компанијата.

Со оглед на ситуацијата за 2024 година се планира да се спроведат следните активности:

| Ред .бр. | Предложена активност | образложение | извршување | Реализација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Зголемување на продажба на цевки и топли профили на домашниот и светските пазари | Враќање на нашите традиционални пазари и клиенти со кои сме имале долгогодишна успешна соработка. При работата со редовните клиенти секогаш останува можноста да се понуди брза испорака и на нови клиенти. | 2024 | Комерцијала |
| 2. | Намалување на трошоци на електрична енергија | Реализација на изработка проект за изградба на фотонапонска централа. | 2024 | |
| 3. | Активирање на инвестиции во тек | Материјални средства во подготовка | 2024 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Намалување на набавни цени преку рабат за репро материјал. | Вклучување на нови добавувачи во листа на квалификувани добавувачи репроматеријал | 2024 | |
| 5. | Развој на човечки ресурси | Интерни и екстерни обуки на вработените во Фабриката а во рамките на буџетот за обуки | 2024 | |

**2. Кои се правците на делување каде одборот на директори, каде гледаат простор за:**

- **Зголемување на продажбите? (нови пазари, проекти, комintенти)**

На мислење сме дека со оглед на актуелна општа состојба на светските пазари и состојбата на специфичниот пазар на цевки и профили, а земајќи ја во предвид состојбата во која се наоѓа фабриката да не го ставаме пробивот на нови пазари како прв приоритет во овој момент. Како главна задача треба да биде првин повторно да се вратиме со позначителни количини на нашите традиционални пазари и клиенти со кои сме имале долгогодишна успешна соработка. Секако при работата со редовните клиенти секогаш останува можноста да се понуди брза испорака и на нови клиенти и тоа треба да се искористи. Работа на проекти е потребна и се работи на тоа. Најинтересни проекти (посебно за спроводни цевки) се оние на домашен пазар како и во соседните земји. Тука е проблем што поради општо намалување на деловни активности проектите се одложуваат и истите се во намален обем. Сепак работа на проекти останува приоритет во нашето работење и ќе и се посветува и понатаму максимално внимание. Според природата на работата, фабриката за поголеми зделки / количини има релативно помал број на (големи) клиенти од повеќето други компании. Тоа е уште една причина да се посветува посебно внимание на нашите клиенти. Нивните барања се разгедуваат темелно и се обидуваме да дадеме максимално брзо одговор. Комуникацијата вообичаено се одвива на е-маил, телефон, и on line - состаноци. Неколку години имаше помалку лични контакти поради пандемијата со корона, но во 2024 треба да се интензивираат и личните контакти. Нашите клиенти немаат забелешки на нашето работење со нив, напротив имаме одлични односи. За жал во услови на намалени деловни активности на сите пазари и избегнувањето кај сите деловни субјекти да имаат поголеми количини на лагер имаме мали договрени количини. Останува обврската во меѓусебно договорање со клиентите да се бараат решенија прифатливи за двете страни и одржување на добри односи со комintентите.

- **Намалување на трошоци на електрична енергија?**

Во однос на намалување на трошоци за електрична енергија, превземени се мерки во делот на вградување на компензациски системи во трафостаници со што со вградување на овие системи, се намалува сметката за електрична енергија, струјно растеретување на постројките и подобрување на напонските прилики во јазлите. Исто така, во тек се

преговори за отпочнување на постапка за реализација на проект за изградба на фотонапонски централи.

- **Автоматизација и осовременување на технолошки процес?**

Во последните неколку години, во Фабриката, континуирано се инвестира во автоматизација на процеси каде што во последната деловна 2023 година е автоматизиран погонот за производство на топли профили т.е. влезни транспортери, нови електрични мотори, нови редуктори и нова регулација со фрекфентни регулатори а исто така и излезниот дел од линија за производство на топли профили со исти компоненти. Во тек се преговори со две компании за целосна модернизација на печка на природен гас. По доставување на финансиски понуди, во првиот квартал на 2024 година, и по разгледување на истите, во границите на финансиски можности ќе се одлучи за реализација и на тој проект. Претходните години, во голема мера е инвестирано во подобрување на процесите за работа со автоматизација на истите, набавка и инсталирање на нова опрема и тоа: ХФ генератори за заварување, уред за симнување на внатрешен град, када за дезоксидација, принтер за маркација, хибриден уред за елфијак, сталак за заварување и тн.

- **Намалување на цени преку количински рабати од постојни и нови добавувачи?**

Во досегашното работење сме настојувале и успевале да постигнеме цени кои обично се под вообичаените цени за другите клиенти. Тоа се успеваше на основ на долгогодишната соработка со нашите добавувачи. Вклучуваме и нови добавувачи, па во состојба кога имаме можност да бираме понудувач може да се постигне уште подобра цена. Вклучувањето на нови добавувачи и договарање на минимални цени кај постојните добавувачи останува цел и за 2024 година. Количински рабат ќе зависи од количината која ја договараме со добавувачите, а количината зависи од нарачките кои ги имаме и од спремноста да се вложат повеќе средства во материјали (и со тоа да се добие поголем колчински рабат) со цел да се постигне помала цена на нашиот производ но тоа носи ризик дел од производството да остане одреден период на лагер, со наши ангажирани средства. Одлуката за тоа треба да се носи поединечно за секоја зделка, по извршена темелна анализа како би стигнале до оптимално решение.

- **Развој на човечки ресурси (Обуки, професионален раст и развој на постојниот кадар и ангажман на интернационалци со висок професионален профил и докажани резултати во работењето на секторот?**

Во однос на развојот на човечките ресурси, постојано се вршат интерни обуки на вработените во Фабриката а во рамките на буџетот за обуки (кој се донесува секоја година) вработените се праќаат и на екстерни обуки. И покрај лошата финансиска состојба на Фабриката, се вложуваат максимални напори колку е можно повеќе вработените да

посетуваат што повеќе интерни или екстерни обуки во границите на возможните финансиски услови.
Обуките се сконцентрирани на работниците во производството а особено се обрнува внимание во делот на Контрола и уптавување со квалитет од причина што нашите производи се со загарнтиран квалитет за кое нешто говорат и стандардите кои ги поседуваме па од особено значење ни е таквиот рејтинг да го имаме во иднина, сето ова не значи дека и вработените во административниот дел се изоставени.

Во однос на ангажирање на интернационалци со висок професионален профил и докажани резултати, сега за сега не е планирано, од причина што во Фабриката работат кадри со високо професионално искуство во својата струка што не значи дека во иднина нема да биде разгледувана оваа опција.

| **Податоци за обуки 01.01.2021-27.12.2023 година** | **Учесници** |
|---|---|
| **Тренинг обуки (интерни и екстерни)** | **102** |
| **Работници од вкупен број на вработени кои посетиле обуки** | **36%** |

**3. Дали има и што е колатералот на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во договорите за заем со кои го гарантира повратот на вложените средства од страна на економските субјекти во сопственост на мнозинските сопственици?**

ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во договорот за заем не го гарантира повратот на вложените средства од страна на економските субјекти во сопственост на мнозинските сопственици односно во конкретниот договор нема банкарски гаранции па следствено на тоа нема и колатерал при што самиот договор помеѓу двата правни субјекта е гаранција за плаќање.

**4. Што превзема Одборот на Директори во правец на заштита на малцинските акционери?**

Во правец на заштита на малцинските акционери е одржувањето на ликвидноста на Фабриката при што се цели кон намалување на тековните трошоци на работењето. Една од мерките кои се превземаат е и точката која беше на дневен ред на одржаното Собрание на акционери 25.12.2023 година - Донесување на Одлуката за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, посебно Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна за која гласаат само малцинските акционери, која е од голема важност бидејќи со донесување на оваа Одлука Фабриката и понатаму останува да работи ликвидно и се одбегнуваат трајните последици од поведување на стечајна постапка а една од последиците во случај над Фабриката да се прогласи стечајната постапка е што сите акции ја губат вредноста, кое нешто не е во интерес на ниту еден акционер.

**5. Кои општествено одговорни активности ги подржува ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО?**

Со цел заштеда на финансиски средства, Фабриката во овој период финансиски не поддржува општествено одговорни активности во поглед на донации но Фабриката преку своето деловно однесување е општествено одговорна од економски, правен и етички аспект, еколожки аспект - насочувајќи се кон намалување на отпадот од производствените процеси, почитување на еколошки стандарди, усогласеност со меѓународни стандарди, одржување на репутација во однос на квалитетот на производите.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО